Управниот одбор на **АДИНГ АД Скопје** на седницата одржана на ден 16.03.2021 год. ја утврди и ја доставува до собранието на друштвото следната:

**ПРЕДЛОГ ОДЛУКА**

**Член 1**

Нето добивката според годишната сметка за 2020 година се распоредува на следниот начин:

- 25 денари за една акција нето дивиденда на акционерите, односно 27,78 денари бруто за една акција
- за исплата на членовите на управен одбор согласно чл.365 од Законот за трговските друштва, чл.36 од Статутот и договорите склучени со членовите на Управен одбор
- 6% од нето добивката за исплата на вработени
- за даноци и придонеси согласно распределбата
- остатокот од добивката за инвестиции

Се овластува Управниот одбор на друштвото да ги утврди критериумите и поединечните износи за исплата на дел од добивката наменет за вработените.

**Член 2**

Се утврдува дивиденднио календар за распределба на добивката за 2020 година како следи:

- Датум на известување за свикување на собрание на акционери:
  26.03.2021 год.
- Датум на одржување на собранието на акционери:
  28.04.2021 год.
- Последен ден на тргување на МБХВ[1] со право на дивиденда за 2020 год.:
  10.05.2021 год.
- Прв ден на тргување на МБХВ без право на дивиденда за 2020 год.:
  11.05.2021 год.
- Датум на пресек на книга на акции:
  12.05.2021 год.
- Исплата на дивиденда за 2020 год.:
  во законски рок

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето. Одлуката да се достави до финансова служба да ја спроведе истата.

***Број: 02 –1177 /3***
***16.03.2021 год.***
***Скопје***

***Претседател на Управен одбор***

/Дончев Благоја/

[1] Македонска берза на хартии од вредност

Управниот одбор на **АДИНГ АД Скопје** на седницата одржана на ден 16.03.2021 год. ја утврди и ја доставува до собранието на друштвото следната:

## ПРЕДЛОГ ОДЛУКА

**Член 1**

Се одобрува откуп на сопствени обични акции со право на глас, најмногу во висина од 1/10 од основната главнина.

**Член 2**

Откупот на сопствени акции ќе се врши на Македонската берза, преку овластена брокерска куќа.

Рокот на откупот не може да биде подолг од 12 месеци од денот на донесувањето на оваа Одлука.

**Член 3**

Откупот на сопствени акции ќе се изврши од средства од имотот на друштвото кој го надминува износот на основната главнина и резервниот Фонд на друштвото.

**Член 4**

Цената на акциите по кои ќе се откупат може да се движи до 10% пониско или повисоко од последната просечна дневна цена на акциите пред денот на откупот.

Со одлука на Управниот одбор, по претходна согласност на Надзорниот одбор, акциите може да се откупат по цена надвор од рамките утврдени во став 1 од овој член, доколку откупот е неопходен да се спречи сериозна штета што би ја претрпело друштвото како последица на поголеми поместувања на пазарот.

Акциите можат да се откупуваат со поединечни берзански трансакции или како блок трансакции.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

***Број: 02 -1177/3***
***16.03.2021 год.***
***Скопје***

***Претседател на Управен одбор***

/Дончев Благоја/

Управниот одбор на **АДИНГ АД Скопје** на седницата одржана на ден 16.03.2021 год. ја утврди и ја доставува до собранието на друштвото следната:

**ПРЕДЛОГ ОДЛУКА**

**Член 1**

Се одобрува отуѓување на сопствените акции на АДИНГ АД Скопје, стекнати до одржување на Годишното собрание на Друштвото на 28.04.2021 година, како и акциите кои ќе бидат купени во согласност со Одлуката за откуп на сопствени обични акции со право на глас донесена од Собранието на Друштвото од 28.04.2021 година.

**Член 2**

Целта поради која се отуѓуваат сопствените акции е одржување стабилност на компанијата и усогласување со законските одредби.

Номиналната вредност на една обична акција на АДИНГ АД Скопје е 9.98 EUR.

**Член 3**

Правата кои произлегуваат од сопственоста на овие акции се:

- право на глас во Собранието на Друштвото,
- право на исплата на дел од добивката (дивиденда) и
- право на исплата на дел од остатокот од ликвидационата, односно стечајната маса на Друштвото.

Акциите гласат на име. Секоја акција која дава право на глас, дава право на еден глас во Собранието на Друштвото.

Во согласност со законските прописи и Статутот на Друштвото дивидендата се исплатува врз основа на одлука на Собранието на Друштвото, со која се регулира начинот на исплата и висината на дивидендата.

**Член 4**

Купувачите на сопствени акции на АДИНГ АД Скопје ги стекнуваат сите права од акциите, во согласност со Статутот на Друштвото и законските прописи со денот на уписот во Централниот депозитар за хартии од вредност.

**Член 5**

Постапката за отуѓување на сопствените акции ќе се спроведе во согласност со одредбите од Законот за хартии од вредност.

**Член 6**

Собранието на Друштвото го овластува Управниот одбор на АДИНГ АД Скопје, поблиску да го определи начинот на продажба, цената и другите потребни активности и податоци во согласност со Законот за хартии од вредност, и да врши измени и дополнувања на оваа одлука.

**Член 7**

АДИНГ АД Скопје по завршување на постапката за отуѓување на сопствените акции, во рок утврден со Законот за хартии од вредност, ќе ја извести Комисијата за хартии од вредност и јавноста за количината на запишаните и уплатените хартии од вредност.

**Член 8**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

***Број: 02 -1177/3***
***16.03.2021 год.***
***Скопје***

***Претседател на Управен одбор***

/Дончев Благоја/

Управниот одбор на **АДИНГ АД Скопје** на седницата одржана на ден 16.03.2021 год. ја утврди и ја доставува до собранието на друштвото следната:

**ПРЕДЛОГ ОДЛУКА**

**Член 1**

За ревизор на годишната сметка на АДИНГ АД СКОПЈЕ за 2021 година се избира независната ревизорска куќа GRANT THORNTON.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето. Примерок да се достави до финансово и архива.

***Број: 02 - 1177/3***
***16.03.2021 год.***
***Скопје***

***Претседател на Управен одбор***

/Дончев Благоја/

Управниот одбор на **АДИНГ АД Скопје** на седницата одржана на ден 16.03.2021 год. ја утврди и ја доставува до собранието на друштвото следната:

**ПРЕДЛОГ ОДЛУКА**

**Член 1**

Се определува награда на членовите на Надзорниот одбор на АДИНГ АД Скопје во вид на месечен паушал во висина од :

- 20.000,00 денари за претседател на Надзорен одбор
- 15.000,00 денари за член на Надзорен одбор

**Член 2**

Наградата од точка 1 на оваа одлука им се исплаќа на членовите на Надзорен одбор почнувајќи од 01.05.2021 година и се исплатува на товар на трошоците на работењето на АДИНГ АД Скопје.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила на денот на донесувањето.

***Број: 02 -1177 /3***
***16.03.2021 год.***
***Скопје***

***Претседател на Управен одбор***

/Дончев Благоја/